## КОГА ЌЕ СИ ОТИДЕТЕ ДОМА

- Проверувајте дали фистулата функционира барем двапати дневно. За да го сторите тоа, ставете два прста врз местото каде што е направена операцијата за да почувствувате „зуење“. Ова се нарекува треперење (thrill).
- Кожата треба да ви биде чиста. Проверувајте за знаци на инфекција – оток, црвенило и болка.
- Вежбајте ја раката со фистулата за да помогнете да се подобри протокот на крвта. Правете го тоа со стискање на топче за сквош десет пати во период од еден час секој ден. Започнете со вежбање 48 часа после операцијата.
- Подигнете ја раката ако има оток после операцијата.
- Не го ограничувајте протокот на крв во фистулата. Избегнувајте да носите часовници, накит и облека со тесни ракави на раката со фистулата.
- Немојте да спиете на раката со фистулата или да вршите притисок врз неа.
- Осум недели не кревајте предмети потешки од еден килограм.
- **Не дозволувајте на раката со фистулата да се мери крвен притисок, да се зема крв, да се става завој или да се вметнува IV канула.**

**Ве молиме, проверувајте ја вашата фистула двапати дневно. Ако мислите дека чувствувате помалку зуење или дека тоа престанало, јавете се на**

**Vascular Access Nurse**
0457 756 436
9113 1111 page 310
(Од понеделник до петок, од 8.00 наутро до 4.30 попладне)
*После работно време, одете во Одделот за итни случаи (Emergency)*

Последователни прегледи со Vascular Access Nurse во **4West Dialysis Unit**
0457 756 436
02 9113 1111 page 310

Reviewed By
St George Hospital
Consumer Advisory Group
*Working together*

Брошурата е подготвена со помош на 4West Patients во 2022
Produced by South Eastern Sydney Local Health District

# Артериовенска фистула

## Информативна брошура




**Arterial Venous Fistula**
Information Brochure
Macedonian

Кога вашите бубрези ќе откажат, ќе биде неопходно да имате хемодијализа. За да имате третман со хемодијализа, ќе треба да ви се направи операција за да може крвта лесно и безбедно да се отстранува и враќа во вашето тело.

Артериовенската (AV) фистула е хируршки направена врска меѓу артерија и вена. На вената обично ѝ се потребни 6 до 8 недели да созрее (да се зголеми) како соодветно место на пристап за хемодијализа. Вообичаено место каде што се прави фистулата е подлактицата (обично левата за десничарите и обратно). Фистула може да се направи и на вашата нога.




## ПРЕД ОПЕРАЦИЈАТА

- За да се зачуваат крвните садови, на избраната рака не треба да се врши мерење на крвниот притисок, да се зема крв и да се прават интравенски инфузии.
- Со ултразвук ќе се направи „мапа" на крвните садови на вашите раце, за да се одреди која рака е најдобра за користење.
- Ќе треба да потпишете формулар за согласност за операцијата, кој ќе ви го даде вашиот хирург.
- Пред операцијата, ќе треба да се истуширате со антибактериски сапун.
- Објаснување за операцијата за поставување на AV фистула ќе добиете и од докторите и од медицинскиот персонал. Ве молиме не двоумете се да поставувате какви било прашања.

## ОПЕРАЦИЈАТА

Операцијата е обично дневна процедура. Може да ви биде дадена локална анестезија (анестезија кога само вашата рака е неосетлива) или тотална анестезија (кога спиете). Ова зависи од состојбата на вашето срце.

## ПОСЛЕ ОПЕРАЦИЈАТА

- Вашата рака на која се наоѓа фистулата ќе биде преврзана во операционата сала.
- Редовно ќе ви го мерат крвниот притисок и пулсот. Важно е медицинските сестри редовно да ја проверуваат фистулата.
- Треба да се надгледуваат бојата, температурата, осетот на допир и подвижноста на раката или стапалото.
- Држете ја раката кренати за да го намалите отокот.
- Веројатно ќе почувствувате мала неосетливост во раката и кога таа ќе помине, може да почувствувате болка. Не двоумете се да побарате таблета за ублажување на болката.
- Преврската на раката нема да се менува 48 часа.
- На раната обично не се користат шевови (конци).
- Еднаш неделно ќе ве прегледува медицинска сестра специјализирана за васкуларен пристап (Vascular Access Nurse) која ќе ве подучува, ќе ви закажува термини за идни прегледи и ќе ја проверува вашата фистула.